**20203094205**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 декември 2020 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20, 88/20, 111/20, 128/20, 153/20, 229/20 и 242/20) во членот 2 став (3) во табелата по подмерката „2.20. “ се додава нова подмерка „2.21.“ која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 2.21. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7. за предадено јагне во регистриран кланичен капацитет | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци и се корисници на подмерка 2.7. од оваа уредба и кои имаат предадено јагне во регистриран кланичен капацитет во период од 1 јануари 2020 година до 30 септември 2020 година.<br>- Висината на дополнителните директните плаќања изнесува 400 денари по грло предадено кај регистрирани кланични капацитети. |

“

Член 2

Во членот 3 по ставот (24) се додава нов став (25) кој гласи:

„(25) Реализација на подмерката 2.21. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година ќе се врши врз основа на податоци за предадени и заклани грла јагниња за период од 1 јануари 2020 година до 30 септември 2020 година кои до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ќе ги достават регистрираните кланични капацитети во Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.“

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12529/1
23 декември 2020 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.